КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 - 177/2
17 . 02. 2016 год.
СКОПЈЕ



# ГОДИШНА ПРОГРАМА И ПЛАН ЗА РАБОТА

## Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија

16

Наредната 2016 година, Комората планира да продолжи со сличен интензитет на работа како во 2015, со неколку стратегиско битни дополненија и зголемен интензитет на активности од сите одделенија во Комората.

Во изминатиот период Комората ги извршуваше своите активности во рамките на законските прописи и можностите за работа. Во рамките на своите финансиски можности, Комората помагаше во активностите на повеќе други инженерски организации и здруженија. Во текот на 2015 година Комората започна со реконструкција на својот деловен простор и од март 2016 година истиот ќе биде ставен во употреба. Просторот е купен со средства на Комората и во истиот ќе функционира инженерски едукативен центар за 80тина лица. Со тоа се создадени предуслови за поголема активност на Комората и нејзино соодветно етаблирање во општеството.

Комората не е имуна на севкупните случување во нашето општество. Инженерските струки во Република Макединија остваруваат повеќе од 20% од општествениот приход, но инженерските струки немаат соодветен третман од институциите во државата. Инженеските струки никогаш не биле на товар на државата, и во тој контекст треба инженерските проблеми да ги отвориме пред јавноста, нудејки решенија за истите.

За 2016 година, активностите на Комората можеме да ги сублимираме во 4 целини:

1. Континуиран професионален развој
2. Упатства за утврдување на вредност на инженерски услуги
3. Избори во Комората во 2016 година
4. Меѓународни и останати проектно административни активности во Комората

## 1. Континуиран професионален развој

Во 2016 година, континуираната професионална едукација за членството останува највисок приоритет на Комората. Кон крајот на 2015 година, од Управниот одбор е усвоен Правилникот за континуиран професионален развој, со кој се уредуваат начинот и формите на континуирано стручно усовршување, програмата за постојано стручно усовршување, бодирањето на облиците на стручно усовршување за овластените архитекти и инженери. Во 2016 година овој правилник треба да се усвои од Собранието на Комората.

Во изминатата година, еведентен беше различниот интензитет на активности на ова поле од различни одделенија во рамките на Комората. Од 2016 година, планиран е поструктуиран пристап кон семинарите за доедукација, согласно одредбите од Правилникот за континуиран професионален развој. Во правилникот е воведена обврска за сите одделенија да донесат своја годишна програма за континуирано стручно усовршување, а внесена е и обврска на секое одделение за минимален број на семинари што треба да ги организираат во текот на годината.

Одделенијата се во фаза на изработка на својата програма за континуиран професионален развој и истата ќе се разговара во рамките на одделенијата.

Во постојниот план на активности на ова поле, планирани се следните тркалезни маси и семинари:

- Континуирана активност кон обуките за имплементација на Еврокодовите (оваа активност во голема мера ќе зависи од односто на државните органи кон прифаќањето на предлог програмата за имплементација на Еврокодовите доставена од Комората до Владата на РМ во септември 2015)
- Тркалезна маса: „Искуства од Законот за градење и потребите од донесување на нов Закон за градење“
- Тркалезна маса: „Примена на Еврокодовите во Р.Македонија“
- Тркалезна маса: „Законот за јавни набавки и инженерските услуги“
- Тркалезна маса: „Енергетската ефикасност и законската регулатива “
- Тркалезна маса: „Состојбите во градежништвото и инженерскиот кадар и очекувања за наредните 5 години“
- Тркалезна маса на тема: „Потребата од изградбата на големи хидроелектрани во Р.Македонија“.
- Тркалезна маса: „Трансформација на земјиштето кај станбените згради од право на користење во право на сопственост и можни реперкусии“
- Тркалезна маса: „Упатство за определување на вредноста на геотехничките услуги“
- Тркалезна маса: „Упатство за определување на вредноста на услугите за изработка на урбанистичко планска документација“
- Тркалезна маса „Урбанистичкото планирање и енергетската ефикасност“

- Тркалезна маса „Прописите за пожарна заштита и нивна примена во проектната документација“
- Тркалезна маса „Инженерски пасош на објектите“
- Тркалезна маса „Осигурувањето од вршење на професионална дејност и правата на регрес на инвеститорите и осигурителните компании“
- Стручно предавање „Новини во Законот за градежни производи“ во Скопје, Битола,Штип и Тетово
- Стручна посета на брани во Италија во организација на МКГБ
- Стручна посета на понови објекти во Србија во заедничка организација со ДГКМ

Комората ја разгледа програмата на Европската Унија Хоризонт 2020, каде определи неколку сегменти во кои ќе направи предлог-проекти за 2016 година. Во предлог проектите кои Комората ќе ги изработи заеднички со други ЕУ институции и организации ќе настапи како партнер, а нивната имплементација ќе биде на територијата на Република Македонија.

Разгледувани се и други програмски активности за заеднички проекти од меѓународен карактер како што се ЕРАЗМУС, ИПА итн, и се прави евалуација на можностите на Комората да биде дел од овие проекти со домашни и странски партнери.

Во нареднава година планираме, во соработка со регионалните комори, да изработиме **каталог на топлински мостови во сеизмички подрачја**, соодветен за сеизмичките карактеристики на Република Македонија и регионот.

## 2. Упатства за утврдување на вредност на инженерски услуги

Професионалните одделенија во Комората ќе работат на изработка на упатства за утврдување на вредноста на инженерските услуги. Базирано на законската обврска од новиот Закон за просторно и урбанистичко планирање Комората е во завршна фаза од изработката на Ценовникот за урбанистички услуги, и очекуваме во текот на 2016 година истиот да биде донесен.

Останатите Упатства за утврдување на вредноста на инженерскиот труд за останатите инженерски струки ќе бидат предмет на работа во 2016 година.

Комората е дел од проектот ‘Смерници за јавни набавки кај инженерските услуги’ воден од Инженерската Комора на Словенија, преку Инженерската Иницијатива за Регионална Соработка (ИИРС). Овој проект го сметаме за исклучително битен за Комоварта, бидејки задира во сржта на едно од најболните прашања на струката – вредноста на инженерксиот труд. Проектот ќе биде достапен на веб страната на Комората во текот на Мај 2015.

## 3. Избори во Комората во 2016 година

Тековната 2016 година е изборна година во Комората на скоро сите изборни функции.

Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија има комплексна структура со 12 професионални одделенија, каква не постои во другите струкови коморски здруженија во државата. Ваква комплексност бара висок степен на етичност во изборниот процес и меѓусебно разбирање, координација и подршка помеѓу професионалните одделенија. Дополнително, Комората има законска обврска за правична застапеност на заедниците во органите на Комората за што е исто така потребна координација и разбирање помеѓу професионалните одделенија.

Претходните избори во Комората се спровеле врз основа на одлуки за избори но без соодветни упатства, и се водени воглавном од основачкиот елан во Комората. Сега се отвора неопходност од поструктуиран, потранспарентен и регулаторно поиздржан пристап, како долгорочно решение за сите идни изборни процедури во Комората.

Во тој контекст кон крајот на 2015 се изработени, а во 2016 треба од Собранието на комората да се донесат три нови упатства за спроведување на изборите на сите изборни функции во Комората.

**Планот на активности за спроведување на изборите** во Комората е следен:

1. Во текот на месец Јануари-Февруари 2016
   1.1 Генералниот Секретар на Комората да изготви план на активности за спроведување на изборите на сите нивоа во Комората, да ги ревидира сите досегашни постапки за избори и да изработи 3 предлог упатства за избор на органи во Комората (Собрание, Управен одбор и Претседател на Комора).
   1.2 Управниот одбор да ги усвои упатствата за избор на органи во Комората од точка 1.1.
   1.3 Управниот одбор да го дефинира бројот на претставници по одделенија во Собранието на Комората, согласно бројот на активни членови во секое одделение.
   1.4 Управниот и Надзорниот одбор на Комората, на заеднички состанок да:
      1.4.1 Донесат предлог ротациона шема за носители на функции во Комората со предлог кои одделенија би биле носители на функциите: претседател, потпретседател и членови на управен одбор, председавач, заменик председавач на собранието, претседател на надзорен одбор и застапеноста на заедниците на раководните функции, согласно член 109 (5) од Законот за градење.
      1.4.2 Утврдат предлог членови на комисијата за избори.

**2. На Собранието на Комората кон крајот на Февруари да се донесат следните акти:**

2.1. Упатство за избор на претставници во Собранието на Комората, раководители и заменик раководители на одделенијата, председавач и заменик председавач на Собранието на Комората и членови на Надзорен одбор на Комората.
2.2. Упатство за избор на членови на Управен одбор.
2.3. Упатство за избор на Претседател и Потпретседател на Комората.
2.4. Одлука за распишување на избори во Комората , согласно член 9 став 7 од Статутот на Комората.
2.5. Избор на комисија за спроведување на изборите во Комората, согласно предлогот од 1.4.2.

**3. Во текот на месец Март 2016**

3.1. Да се започне со формалната постапка за избор на Претседател на Комората. Оглас на 9 Март 2016.

**4. Во текот на Март – Април 2016**

4.1 Сите одделенија, задолжително да извршат интерен избор на свои претставници во Собранието на Комората, раководител и заменик раководител на одделението, предлози за сите останати изборни функции во Комората (ако имаат предлози).

**5. На Собрание во Јуни 2016 (најдоцна до 10 Јуни 2016)**

5.1 Верификување на мандатите на претставниците од одделенијата во Собранието на Комората.
5.1 Да се изврши избор на Претседавач и заменик претседавач на Собранието на Комората.
5.2 Да се изврши избор на Претседател и Потпретседател на Комората.
5.3 Да се изврши избор на членови на Управен одбор на Комората.
5.4 Да се изберат членови на Надзорниот одбор на Комората
5.5 Да се изберат членови на Комисијата за решавање жалби од втор степен

Мандатите на избраните членови од точка 5.2 и 5.3 започнуваат на 1 август 2016 година.

## 4. Меѓународни и останати проектно административни активности во Комората

Со цел пренесување на знаењата и искуства од реномирани инженери од странство, Комората ќе продолжи со организирање семинари од странски гости предавачи на актуелни теми. Во тој контекст продолжуваме со активностите во рамките на Светската федерација на инженерски организации (*WFEO*), Европската асоцијација на инженерски комори (*ECEC*), и регионалната група за инженерска соработка (ИИРС).

Комората доби иницијална подршка од членките на ЕЦЕЦ да **биде домаќин на годишното собрание на ЕЦЕЦ во 2017** година, што треба да се официјализира во текот на 2016 година.

Одделно од тековните административни одговорности, Комората за 2016 ги планира следните иницијативи и активности:

**Административниот простор** на Комората купен минатата година е во завршна фаза на реновирање и очекуваме да се вселиме во новите простории во текот на месец Март 2016 година. Просторот располага со сала за едукација за 80 слушатели.

Во тек е процесот на имплементација на систем за **електронска архива во Комората**. Дефинирани се потребите на комората од овој аспект и техничката спецификација, а добиени се и неколку понуди од реномирани софтверски фирми. Во рамките на овој проект, планираме да ги скенираме и дигитализираме сите (отприлика) 100.000 страни хартиен материјал (450-500 регистри) во Комората и истовремено да имплементираме софтверско решение за електронска архива, во согласност со законски дадените можности, целосно интегриран со постојната софтверска алатка што ја користи Комората за своето административно работење. Во тој контекст веќе е набавен професионален мултифункционален принтер од повисоката класа, кој е со софтверски капацитети за електронско архивирање на документите на Комората. Со овој принтер истовремено ќе можеме сами да ги печатиме инженерските овластувања наместо да ги даваме во печатница, со што би се намалиле оперативните трошоци за оваа ставка.

За 2016 година планирани се **повеќе системски измени и подобрувања**, како и системска интеграција на компјутерскиот систем на Комората со системот за електронски градежни дозволи. Ваквата системска интеграција би овозможила електронска проверка на сета проектна документација во моментот на апликација за одобрение за градење и системско оневозможување да се аплицира за одобрение за градење доколку проектната документација е потпишана од инженер кој не е активен член на Комората. За овој проект се веќе направени првите чекори и очекуваме да се добие соодветното одобрение од надлежните државни органи за да профункционира процесот во текот на 2016 година.

Во текот 2015 години, но и во претходните години се покажа дека во Комората има потреба од **нови работни комисии** кои ќе придонесат за зголемување на влијанието на Комората во општеството и заштита на правата на овластените инженери. Во 2016 Комората планира да ги формира следните комисии:

1.1 Комисија за одредување на адекватноста на образовните дипломи и овластувањата по Законот за градење
1.2 Комисија за Законодавство
1.3 Комисија за оценка на постапките за јавни набавки на инженерските услуги и јавно соопштување на резултатите од своите активности по посебните јавни набавки

Постои голема дискрепанца помеѓу вкупниот број на членови на Комората и бројот на активни членови. Во текот на 2016 година, ќе се продолжи со

**прочистување на датабазата**, со идеја да се консолидираат овие бројки за поправилно планирање на активностите во иднина.

Ќе се продолжи договорот за **осигурување од професионална одговорност** за членовите на Комората.

Планираме да продолжиме со заедничка организација на манифестацијата „**Инженерски прстен**" со Инженерската институција на Македонија со попрецизно дефинирани параметри за самата организација на настанот.

Продолжуваме со печатеното издание на списанието **Пресинг.**

--------

Програмата за работа за 2016 година е обемна и мошне оптимистичка. Со оглед дека трендот на раст на бројот на активни членови во Комората е во фаза на блага стагнација, а средствата од заостанатите членарини се во голем дел наплатени во 2014 и 2015 година, можно е да се соочиме со намален приход во 2016 година. Очекуваме трошоците за работа да бидат на нивото од 2015 година, но истото во голема мера ќе зависи од степент на активност на одделенијата и бројот на организирани семинари и други обуки.

Реализирање на погоре наведените активности ќе придонесат за афирмација на Комората и зголемување на нејзиното влијание во областите кои се поврзани со инженерските струки. Ова неминовно бара и поголем агажман од раководителите на одделенијата, членовите на Управниот одбор и комисиите во Комората.

Претседател на Управниот одбор на
Комората на овластени архитекти и
овластени инженери на Република Македонија

М-р Блашко Димитров

Генерален секретар на Комората
Димче Атанасовски